Дел од вработените на МЦМС и оваа година ја тестираа својата кондиција трчајќи на 10-то издание на Скопскиот маратон. По неколку години учество во хуманитарната трка, дел од нив, оваа година трчаа на маратонската патека па така, Кренар Кука, Борис Ристовски и Борјан Ѓузелов успешно го завршија полумаратонот, а Гонце Јаковлеска, Симона Огненовска и Лазар Неданоски трчаа на пет километри.

„За прв пат учествувам на Скопскиот маратон и мислам дека ова е одличен настан со многу позитивна енергија. Чувството после истрчан 21 километар е прекрасно“ рече Борјан Ѓузелов.

Десеттото, јубилејно издание на Скопскиот маратон што се одржа на 11 мај 2014 година привлече повеќе од 5800 спортисти и рекреативци од 47 земји во светот.